# ВОДИЧ ЗА ИКТ НА МЕТАМОРФОЗИС Бр. 8

# КАКО ДА СИ ЈА ЗАШТИТИМЕ ПРИВАТНОСТА НА ФЕЈСБУК?

Фејсбук се менува толку често што корисниците не успеваат секогаш да се навикнат на новиот интерфејс, пред тој да биде повторно променет. Колку и да се против ваквите промени, повеќето корисници остануваат на оваа социјална мрежа и секојпат одново ѝ се привикнуваат. Но, промените во поставките за приватност не се само начин на прикажување на работите. Тие го одредуваат начинот на кој споделуваме со пријателите, но и со целата јавност.

Осмиот „Водич за ИКТ" на „Метаморфозис" е наменет за сите корисници на Фејсбук, без разлика на начинот и нивото на кои ја користат оваа социјална мрежа. Тој претставува кратко „упатство за употреба" на сите достапни опции за заштита на приватноста што особено им е значајно на оние кои често ги споделуваат своите ставови, коментари, линкови кои водат до содржини што им се допаѓаат или ги поддржуваат и фотографии од себеси и од останатите кои се појавиле пред нивниот фотообјектив.

Иако водичот, пред сѐ, ќе им помогне на корисниците на Фејсбук да ги согледаат начините на кои се споделуваат нивните информации и соодветно да ги приспособат опциите според нивните преференции, сепак, тој не ги исклучува ниту оние кои се скептични кон користењето на социјалните мрежи. Дали некој ќе биде корисник на една социјална мрежа е лично право и избор, но изборот се прави заради сопствени убедувања, кои пак треба да се темелат на информираност. Овој водич го овозможува токму тоа.

Ова издание, како и сите досегашни водичи што ги има издадено „Метаморфозис" се достапни во електронска форма на веб-сајтот на фондацијата: **www.metamorphosis.org.mk**.

За печатени верзии напишете на **info@metamorphosis.org.mk**.

# ЧЕСТИ ПРОМЕНИ ВО ПОСТАВКИТЕ ЗА ПРИВАТНОСТ

Промените во поставките за приватност на Фејсбук постојано отвораат нови причини за загриженост, без разлика дали се работи за податоците кои се споделуваат во т.н. *News Feed* или можностите на новата технологија да ги препознава лицата кои се наоѓаат на фотографиите.

Покрај промените кои произлегуваат од самата компанија и проблемите редовно да ги следиме, втор важен фактор е колку ние всушност споделуваме на Фејсбук, со кого, и што е најважно, колку добро ги разбираме можните последици.

Компанијата се мачи да постави баланс помеѓу давањето премногу или премалку опции за приспособување на поставките за приватност, од причина што не сака да им ја даде целосната контрола на корисниците, плашејќи се дека така тие нема да сакаат воопшто да споделуваат. Со други зборови, Фејсбук сака да споделуваме, но секако мора да се грижи и да ни овозможи самите да одлучиме колку, инаку ние брзо би ја изгубиле довербата во социјалната мрежа. Некои експерти за приватност велат доколку корисниците чувствуваат дека ја имаат контролата врз она што другите го гледаат, поголеми ќе бидат шансите за споделување.

Вистината е дека со новите промени, поставувањето на опциите стана многу едноставно, но и понатаму останува потребата тие да се разбираат за да можат да се користат на саканиот начин.

Бидете искрени пред да преминете на следната страница - колку пати сте погледнале во поставките за приватност на вашиот Фејсбук-профил?



# ПОСТАВКИ ЗА ПРИВАТНОСТ НА КОРИСНИЧКИОТ ПРОФИЛ

Порано, сите лични информации на профилот се уредуваа од едно место, а сите поставки за начинот на кој ги споделувате (кој може да ги гледа вашите фотографии, интереси и сл.) на друго место (на страницата за приспособување на поставките за приватност). Сега имате можност да одлучите како ќе ја споделите секоја поединечна информација за себе директно од страницата на која ги пополнувате/менувате личните информации (**About**). Така можете да одлучите информациите за вашето образование, работа и датум на раѓање да бидат видливи за одредена група луѓе, на пример за вашите колеги, додека интересите за одредена музика, филмови, цитати и сл. да можат да ги гледаат вашите поблиски пријатели.

име на некој ваш пријател за да видите како тој го гледа вашиот профил, односно до кои ваши информации и содржини има пристап. Алтернативно, можете да кликнете на линкот **public** за да видите како изгледа вашиот јавен профил за оние кои не ви се пријатели и за оние кои само се имаат претплатено (*Subscribed*) да ги следат содржините кои ги споделувате. Ова не е лошо да го правите







Друга корисна опција е можноста да видите како другите го гледаат вашиот профил. Оваа опција беше достапна и порано од страницата со поставките за приватност, но сега е секогаш на дофат и сместена е во десниот горен дел од вашата профил-страница, односно веднаш под насловната слика на вашиот *Timeline*.

Во делот **Activity Log** изберете ја опцијата **View As...** и потоа во празното поле впишете

одвреме- навреме за да бидете сигурни дека поставките кои еднаш сте ги дефинирале останале непроменети. Проверката задолжително практикувајте ја кога Фејсбук прави промени во поставките за приватност бидејќи тие можат да се однесуваат на поставување основни (*default*) опции за вашиот профил, кои може да се различни од оние кои вие последниот пат сами сте ги задале.

# СПОДЕЛУВАЊЕ СОДРЖИНИ

Една од главните новини при последните значајни промени во поставките за приватност е можноста корисниците секогаш кога поставуваат нови статуси, слики или линкови да изберат со кого да ја споделат таквата содржина. Главните опции се помеѓу целиот интернет (**Public**), пријателите (**Friends**), пријателите минус познајниците (**Friends except Acquaintances**), само за себе (**Only me**) и одредени луѓе кои специфично ќе ги назначите (**Custom**). Со последната опција можете да им дозволите видливост на содржините и на пријателите на вашите пријатели, на пријателите кои сте ги организирале во одредена листа, одредени пријатели и на пријателите на оние кои ги спомнувате и ги означувате со таг. Исто така, со оваа опција можете да ја забраните видливоста за некои пријатели или категории пријатели. Овие опции сега се прикажани и графички, преку икони кои ги прават работите малку појасни и повидливи.




Во однос на овие опции има многу важна промена во називот на опцијата за споделување на вашите фотографии, статуси и линкови со сите. Имено, наместо поранешното „*Everyone*" сега се користи „*Public*" со што станува појасно дека сè што ќе поставите го споделувате со сите кои имаат пристап до Интернет.

Значи, пред секое притискање на копчето *Post* имате можност да изберете точно со кого сакате или не сакате да ја споделите конкретната содржина. Уште подобро, ако ова заборавите да го направите однапред, со клик на малата иконка која го симболизира начинот на кој содржината е споделена, ова можете да го приспособите и отпосле.




Наспроти можноста која ја добивате при споделување на секој поединечен линк, статус или фотографија, ***не е возможно да поставите едно ниво на приватност за сите објави кои ги споделувате на својот профил***. Имено, за да му кажете на Фејсбук дека сакате сите ваши содржини да се споделуваат само со вашите пријатели, тоа треба да го правите за секоја содржина поединечно, пред или по објавувањето.

Доколку пак, на пример, споделите еден линк и притоа одредите тој да биде видлив само за одредени пријатели, Фејсбук ќе го запамети вашиот избор и идните содржини ќе ги сподели автоматски со истата група пријатели за да нема потреба ова секојпат да го приспособувате. Ваквото функционирање делумно надоместува за недостатокот од опција за автоматско споделување на сите

содржини на одреден начин, но не сосема. Она што го поставувате директно од веб-сајтовите, со притискање на копчето *Like* или со коментарите кои ги оставате на веб-сајтовите кои го користат системот за коментирање на Фејсбук, можат да излезат како јавни на вашиот профил. Затоа Фејсбук предупредува кога не го гледате копчето за одредување на начинот на кој сакате да споделите некоја содржина, треба да претпоставите дека таа ќе биде јавна. Некои видови објави секогаш се објавуваат како јавни.

Од пагачката листа, крај копчето **Home** изберете **Privacy Settings** и во делот **Control Your Default Privacy** направете го саканиот избор што е корисно кога споделувате преку апликации за Фејсбук кои немаат опција за поединечно приспособување при споделувањето на секој пост, како што е онаа за „Блекбери".

Забележете го името на опцијата, **Control Your Default Privacy** (Одредете го вашето основно ниво на приватност). Кога ќе ја отворите страницата за приспособување на поставките за приватност, овој дел буквално ќе ви „скокне во очи". Ако се земе предвид називот на овој дел од поставките за приватност, начинот на кој е истакнат и фактот дека повеќето луѓе не ги читаат деталите, туку го прават изборот врз основа на претходно кусо скенирање низ отворената страница, многу е веројатно дека многумина не се свесни дека она *Friends* не значи дека автоматски нивниот *Like* нема да биде всушност *Public*. Ова влијае како тенденциозен чекор на Фејсбук да ни овозможи контрола, додека истовремено „ни подметнува" опции со кои всушност многу малку од сето она што го споделуваме можеме и да го контролираме.

Ако Фејсбук се грижи и се обидува да ни ги понуди сите начини за да си ја заштитиме својата приватност, зашто не ни овозможи една единствена опција да го направиме таквиот избор. Корисникот треба да знае дека ако тој еднаш го одреди начинот, Фејсбук ќе го запамети неговиот избор. Но, ова автоматски значи дека Фејсбук го тера корисникот да се помачи за да разбере како всушност функционираат работите, што е далеку потешко од изборот на една единствена опција со еден клик.

**Забелешка:** Корисниците кои порано направиле промени во поставките за приватност, пред Фејсбук да направи одредени промени, ги споделуваат сите свои содржини на одреден начин, за разлика од останатите кои некои содржини за кои ќе се изјаснат дека им се допаѓаат, немаат можност да ограничат за да не бидат јавни.




Изберете **Public** доколку сакате сите ваши објави кои ги споделувате преку ваквите апликации да излегуваат пред целата јавност, **Friends** за да се појавуваат само за вашите пријатели, а со **Custom Privacy** можете да одредите само одредени пријатели или листи со пријатели со кои сакате да споделувате, како и пријатели или листи со пријатели од кои сакате вашите објави да ги криете.



facebook

# ОЗНАЧУВАЊЕ ПРИЈАТЕЛИ И ЛОКАЦИИ

Полето за споделување статуси, линкови и фотографии е збогатено и со неколку други опции за означување локација, година и пријатели. Ова го олеснува поставувањето таг на пријатели со кои правите нешто заеднички во моментот, па наместо да го ставате знакот „@" пред името, сега доволно е само да ја кликнете иконата која симболизира додавање пријател и да го изберете од листата.

Означувањето прецизни локации, од своја страна, претставува голема опасност за нарушување на приватноста, и тоа не само на својата туку и на други луѓе за кои јавно ќе одлучите да споделите дека во моментот се со вас. Сепак, многу корисници и понатаму сакаат да ги користат ваквите опции за да се пофалат за местата кои ги посетуваат.

Важна промена е направена во однос на опциите за „оттагирање" (исклучување тагови). Според Фејсбук, на корисниците не им било многу јасно што значело кога ќе отстранеле таг кој ги поврзувал до нивниот профил, па затоа овозможиле повеќе опции на тој план.

Опцијата за прифаќање/одбивање таг може да се прави директно од страницата со приказ на фотографијата или објавата (**Options –> Report/Remove Tag** на фотографии, **Edit or Remove –> Remove Tag…** на статуси и линкови). Па, откако ќе се избере причината




за отстранување на тагот, корисникот може да избере и дополнително барање за отстранување на фотографијата или објавата од страна на оној кој ја поставил таа содржина или пак за негово блокирање.




За да ги приспособите опциите кои се однесуваат на означувањето, појдете во **Privacy Settings** и оттука во делот **Timeline** and **Tagging** кликнете на **Edit Settings**.

Во прозорчето забележете ја опцијата **Review posts friends tag you in before they appear on your timeline (Timeline Review)** која овозможува контрола на таговите кои другите ги ставаат на објавите и фотографиите кои тие сакаат да ги споделат со вас на вашиот Timeline. Доколку оваа опција е вклучена (**On**), кога вашите пријатели ќе ве означат, вие ќе мора да ја одобрите означената содржина пред таа да се појави на вашиот профил. Оваа опција го спречува појавувањето на таквата содржина на вашиот профил, но не го спречува нејзиното појавување на Фејсбук воопшто.

Следната опција која треба да ја активирате во истото прозорче, **Review tags friends add to your posts on Facebook (Tag Review),** овозможува контрола на вашите објави каде што вашите пријатели сакаат да постават таг, пред тој да се појави на Фејсбук. Така, кога опцијата ви е вклучена (**On**) и некој пријател ве означи вас или некој друг во некоја ваша содржина, вие ќе мора да ја прегледате,

пред таа да се објави на Фејсбук заедно со тагот. Ако некој кој не ви е пријател стави ознака во вашата објава, секогаш ќе мора да го прегледате и да го одобрите, пред да се објави заедно со ознаката, без разлика дали опцијата ви е вклучена или не. Откако ќе одобрите таг, личноста која е означена во вашата фотографија или објава, како и нејзините пријатели ќе можат да ја видат таквата содржина. Во овој случај, корисникот кој одобрува, не само што го одредува нивото на заштита на својот профил туку на некој начин добива улога на посредник за заштита на приватноста на неговите пријатели.

Двете опции се многу слични и на прв поглед можат да изгледаат збунувачки. Разликата е во тоа што во првиот случај, при опцијата **Timeline Review**, го контролирате означувањето на туѓите објави во кои другите поставуваат тагови со кои ве означуваат вас, додека со **Tag Review** дозволувате (или не) означување на вашите објави од страна на други луѓе, без разлика дали тие ставаат таг кој го поврзува вашиот профил или профилот на некој ваш пријател. Со првата опција го ограничувате




појавувањето на содржините во кои вие сте означени на вашиот профил, додека со втората опција влијаете на видливоста на вашите содржини за вашите пријатели и нивните пријатели.

Сите ознаки што чекаат на ваше одобрување се појавуваат во ново мени на вашиот профил, **Activity Log**. Дополнително, за ваквите работи можете да си наместите да добивате нотификации преку имејл или преку мобилен телефон од менито **Account Settings**, во делот **Notifications**, означувајќи ги саканите опции во деловите **Facebook** и **Photos**.

Останатите опции од прозорчето *Timeline and Tagging* најдобро е да бидат ограничени минимум на вашите пријатели (**Friends**), и тоа:

- Со опцијата **Who can post on your timeline?** можете да им дозволите или да им забраните на вашите пријатели да поставуваат содржини на вашиот профил;
- Дополнително, со следната опција **Who can see what others post on your timeline?** можете целосно да приспособите кој да ги гледа содржините кои другите ги поставуваат на вашиот профил;
- И конечно, можете да го ограничите пристапот до содржините кои другите ги поставуваат на вашиот профил заедно со таг преку опцијата **Who can see posts you've been tagged in on your timeline?**

Во зависност од пријателите кои ја сочинуваат вашата листа и конкретните ситуации со кои можете да се соочите, можеби ќе треба да направите дополнителни приспособувања, на пример, да забраните одредени луѓе да ги гледаат содржините кои другите ги поставуваат на вашиот профил. Ако вашите најблиски пријатели сакаат на вашиот профил да ги споделуваат импресиите од забавите на кои заедно присуствувате, можеби е добра идеја да им оневозможите на колегите да го гледаат ова.

Треба да се напомене дека поставките за приватност треба добро да се размислат, пред да се применат. Не треба да се оди ниту во другата крајност, да се забрани сè доколку нема реална потреба од тоа. Така на пример, можеби ќе се чувствувате посигурно доколку го забраните поставувањето содржини од

други на вашиот профил, но откажете се од ваквата идеја доколку сакате да добивате честитки за вашиот роденден.

Последната опција **Who sees tag suggestions when photos that look like you are uploaded?** (Tag Suggestions) им овозможува на вашите пријатели кои поставуваат слики од настани на кои заедно сте присуствувале да добијат сугестија за ваше означување, благодарение на технологијата за препознавање лица.

Со воведувањето на т.н. *Ticker*, со кој сите новини се прикажуваат од десната страна во вид на фид, јавно се прикажуваат сите ваши објави и коментари кои ги оставате на ѕидовите на вашите пријатели, а вашите објави се појавуваат и во туѓи *News Ticker*-фидови.

# ОГРАНИЧУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО АЛБУМИТЕ СО СЛИКИ

Кога поставувате нов албум со слики, веднаш можете да го одредите степенот на неговата отвореност кон јавноста. Можете да наведете датум кога сликите од тој албум се направени, местото каде што се направени, како и луѓето со кои сакате да ги споделите. Исто така, поставените фотографии може и отпосле да претрпат промени во поставките за приватност.

Доколку сакате да отстраните таг од некоја фотографија, изберете ја опцијата **Remove** десно од неа. Со тоа само ќе ја отстраните конкретната фотографија од вашиот профил, но не и од профилот на оној кој ја поставил. Доколку сакате да пријавите фотографија која е несоодветна од посериозни причини (ве вознемирува, прикажува експлицитни елементи, сугерира говор на омраза и сл.), изберете ја опцијата **Report/Remove Tag** од **Options** и потоа наведете ја соодветната причина за барањето за отстранување која ќе ве доведе до дополнителни опции за решавање на случајот.






# ПОВЕЌЕ ЛИСТИ ЗА ПОГОЛЕМА КОНТРОЛА НА СПОДЕЛУВАЊЕТО

Од неодамна е уште една новина, а тоа се паметните листи кои самите се ажурираат благодарение на податоците кои ги имате оставено за вашето образование, работа, место на живеење и сл., споредени со ваквите податоци кои ги оставаат вашите пријатели. Дополнително, овие листи можат и рачно да се приспособат.

Листата **Close Friends** можете да ја ажурирате од вашата почетна Фејсбук-страница и во неа рачно да ги додадете најблиските пријатели со кои исклучиво сакате да споделувате одредени информации и наедно филтрирано да се информирате за нивните новини.




Посебна листа можете да креирате за познајниците кои помалку ќе се појавуваат во вашиот *News Feed*, како и **Restricted**-листа во која оние кои се сместени ќе можат да го гледаат само она што јавно ќе го објавите. Вашите пријатели нема да знаат дали сте ги ставиле во некоја листа.

Преку линкот **MORE** ќе дојдете до сите листи кои вие ги имате креирано или кои се автоматски создадени за полесно менаџирање и оттука можете да ги менувате, бришете, како и да додавате нови.

Тука ќе ги најдете и листата на блокирани корисници, како и листата на телефонски контакти.

# СЛЕДЕЊЕ СОДРЖИНИ ОД КОРИСНИЦИ КОИ НЕ ВИ СЕ ПРИЈАТЕЛИ

Ова е одлична можност да ги следите познатите, новинарите или другите професионалци за чија работа сте заинтересирани, без притоа да биде задолжително прифаќањето на вашата понуда за пријателство. Услов за ова е нивните профили да се јавни. Во тој случај, појдете на профилот што сакате да го следите, од врвот на страницата изберете **Subscribe**, а потоа новините од конкретниот корисник ќе стигнуваат во вашиот *News Feed*. Со клик на копчето **Subscribed** можете да одредите што поточно сакате да добивате како тип информација во вашиот фид. Ваквите филтри можете да ги примените и за оние кои веќе се во кругот на вашите пријатели на чии информации сте всушност автоматски „претплатени“.




Оваа опција е одлична од аспект на давање поголема слобода за информирање и следење на активностите на некои луѓе чија работа е од интерес за пошироката јавност. Од друга страна пак, доколку вие споделувате јавно, вашите активности ќе можат да ги следат корисници кои не ви се пријатели, директно од нивниот *News Feed*. Ова е уште една опција поради која треба да размислите како сакате да споделувате на Фејсбук и повторно да ги проверите вашите основни поставки.

Доколку сакате да оневозможите претплатување на вашиот профил, појдете во **Account Settings**, изберете го јазичето **Subscribers** и деселектирајте ја првата опција.

# ВАШАТА ВИДЛИВОСТ И ДОСТАПНОСТ НА ФЕЈСБУК

И ако се работи за многу основни поставки, доколку решите да се посветите на начинот на кој ја споделувате вашата приватност на Фејсбук, не е лошо да почнете од начинот на кој останатите можат да пристапат до вас и видливоста на вашите информации за другите. Ова ќе го направите преку опцијата **How You Connect** од страницата со поставки за приватноста. Опциите овде не бараат дополнително објаснување, па само ќе ги наброиме:

- Кој може да ве бара на Фејсбук според имејл-адресата или телефонскиот број што ги имате оставено?
- Кој смее да ви испраќа барања за пријателство?
- Кој може да ви праќа пораки преку Фејсбук?

Опциите кои се на располагање варираат помеѓу *сите, пријателите* и *пријателите на вашите пријатели.*

Со опцијата **Limit the Audience for Past Posts** од листата со опции на страницата со поставки за приватност, можете да ја одредите видливоста на вашите стари објави кои сте ги споделиле со сите или со луѓе кои се во вашата листа на пријатели, но и надвор од неа. Со користењето на оваа алатка, тие содржини ќе останат споделени само со вашите пријатели. Ако сметате дека има потреба од ова, вклучете ја опцијата. Ако не сте сигурни, претходно размислете бидејќи откако еднаш ќе ја примените, враќањето во првобитната состојба е возможно само чекор по чекор, односно објава по објава.







# ПРИСТАП ДО ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ОД СТРАНА НА ДРУГИ АПЛИКАЦИИ И ВЕБ-САЈТОВИ

Дел од информациите за вас кои јавно ги споделувате, како и вашата листа со пријатели се користат од страна на апликациите, игрите и веб-сајтовите кои вие и вашите пријатели ги користите. Сепак, може да направите извесни ограничувања.

Преку опцијата **Apps, Games and Web-sites**, прво, со подопцијата **Apps you use** можете да го ограничите пристапот на секоја поединечна апликација или веб-сајт до одреден тип информации кои се ваши, доколку тоа не е неопходно за користење на самата апликација, како и сосема да ги избришете оние кои не ви се потребни. Ова треба да го практикувате одвреме-навреме бидејќи не сакате да оставите отворена врска помеѓу вашите податоци и еден куп апликации врз кои не можете да ја имате контролата во секој момент. Секако, ова не значи дека нема да можете повторно да се поврзете со истите апликации во иднина. Исто така, можете и целосно да ги исклучите апликациите (**Turn off all apps.**) доколку не сакате да ги давате вашите информации кога вашите пријатели ги користат. Со ова ќе ви биде оневозможено поврзувањето

со пријателите во рамките на игрите и апликациите.

Со втората подопција од овој дел, **How people bring your info to apps they use**, можете да одредите кој тип информации дозволувате вашите пријатели да ги понесуваат со себе кога користат апликации, игри и веб-сајтови.

Опцијата **Instant personalization** овозможува персонализирано користење на одредени веб-сајтови што значи доколку посетите таков веб-сајт (TripAdvisor, Bing, Rotten Tomatoes) ќе можете во неговите рамки да гледате информации кои вашите пријатели јавно ги сподениле, додека тие го користеле веб-сајтот. Исто така, и вие можете да споделувате информации на ваквите сајтови кои директно се поврзуваат со вашиот профил на Фејсбук. Оваа опција овозможува дополнителна социјализација и персонализација која продолжува и надвор од самата Фејсбук-апликација. Доколку не сакате да ја користите опцијата, можете да ја исклучите со исклучување на полето **Enable instant personalization on partner websites**.

Конечно, можете да го ограничите и прегледот на вашиот профил во пребарувачите како „Гугл" кога некој ќе го пребарува вашето име. Пребарувачите чуваат кеш информации кои можат да се прикажат во листата со резултати од пребарувањето и по некое време откако сте ги објавиле. Како и да е, постои опција за да го оневозможите ова.

facebook

# БЛОКИРАЊЕ ЛУЃЕ И АПЛИКАЦИИ

Некои луѓе често знаат да ја злоупотребат слободата што ја даваат социјалните мрежи и достапноста на луѓето. Но, други луѓе може да се многу зафатени или едноставно не сакаат често да добиваат лично упатени пораки или покани за настани или за заедничко користење на некоја апликација. Затоа можете да блокирате луѓе од кои сакате да забраните вакви покани. Ова се прави преку последната опција од страницата за поставки за приватност, **Blocked People and Apps**, каде што има 3 нивоа (начина) на ограничување на пристапот за интеракција со вас ( преку опцијата **Block users** при што со овие корисници ќе можете да стапите во интеракција само преку групи и апликации кои и двајцата ги користите; **Block app invites** кои ќе ги забранат поканите за користење на апликациите од конкретен пријател; **Block event invites** што ќе забрани испраќање покани за учество на настани од одредена личност).

**Напомена:** Доколку сакате да го ограничите пристапот до информациите кои ги споделувате со одредени пријатели, нема потреба да ги блокирате, туку доволно е да ги додадете во листата Restricted каде што можете оттука директно да пристапите преку линкот Edit list или пак да ја лоцирате преку почетната страницата на Фејсбук, со избирање на MORE од делот FRIENDS кој се наоѓа од левата страна.



# ДРУГИ СИГУРНОСНИ МЕРКИ

За дополнителна заштита на вашите податоци од други апликации, пожелно е да го користите HTTPS-протоколот секогаш кога тоа е возможно. За да го овозможите, во **Account Settings**, во јазичето **Security** изберете **Edit** во делот **Secure Browsing** и изберете ја опцијата **Browse Facebook on a secure connection (https) when possible**.

Можете да овозможите систем за двојна автентикација за да бидете сигурни дека вие сте единствениот корисник на Фејсбук кој се најавува со вашите кориснички податоци. Од истото место, сега изберете **Login Approvals** и означете ја единствената опција со која ќе се бара внесување код секогаш кога неавторизиран уред ќе се обиде да се најави на вашиот профил. Исто така, можете да побарате да добивате известувања по имејл доколку некој се најави преку компјутер или преку друг мобилен уред кој вие не сте го користеле порано (**Login Notifications**).






# ЗАШТИТЕТЕ СИ ЈА ПРИВАТНОСТА ВО ГРУПИТЕ

Групите на Фејсбук овозможуваат поврзување со помали или поголеми групи луѓе од групата пријатели што дава можност за ограничување на комуникацијата помеѓу одредени луѓе. Од друга страна пак, секој член на групата може да додаде нови членови, со што вашата приватност може да биде изложена пред неконтролирана публика. Можете да додадете членови без да е потребно ваше одобрување, па така лесно може да се најдете во група на голем број непознати корисници пред кои не сте подготвени да се претставите.

Постојат 3 нивоа на групи кои ја ограничуваат нивната видливост (**отворени** – содржината и членството се видливи за сите, **тајни** – содржината, членството и видливоста се ограничени само на членовите и **затворени** кои можат да се пребаруваат и да се види нивната листа на членови, но не и нивната содржина).




Доколку сте креатор на група, изберете го внимателно степенот на отвореност кон останатите и за да бидете сигурни дека додавањето нови членови нема да се одвива неконтролирано, селектирајте ја опцијата за правење промени за групата и потоа означете ја опцијата **Any member can add members, but an admin must approve them**. Со ова ќе имате контрола на секој предложен член кој треба да биде додаден во групата, а наедно ќе придонесете кон поголема заштита на приватноста на објавите кои вашите членови ги споделуваат во неа.

За да бидете сигурни дека не споделувате лични информации и ставови со непознати луѓе, секогаш кога ќе добиете известување дека сте станале дел од некоја група, проверете ја нејзината содржина и членство и доколку не сакате да бидете дел од неа, веднаш напуштете ја. Штом еднаш напуштите одредена група, други нема да можат да ве додаваат во неа.




Одвреме-навреме, од почетната страница на Фејсбук, во делот **GROUPS** кликнете на **MORE** и уредете го присуството во секоја од групите од кои сте дел.

# ЗАШТИТЕТЕ ЈА ПРИВАТНОСТА НА ВАШИОТ TIMELINE

Новиот начин на прикажување на содржините кои ги споделувате на вашиот профил ги прави работите поорганизирани според времето кога биле објавени, но исто така им олеснува на вашите пријатели да дојдат до некоја ваша објава кои знаат кога сте го објавиле. Иако порано беше возможно да се дојде до постарите објави на профилите на корисниците, сепак кликнувањето, лизгањето надолу низ страницата и чекањето да се вчитаат постарите објави ги правеа работите побавни и поздодевни. Од оваа причина, треба да внимавате што е она што ќе го прикажете на вашиот *Timeline*. Без разлика дали почнавте да го користите или сѐ уште не го користите, ваквиот изглед ќе ве стигне и вас, сакале вие или не. Затоа, добро е да ги имате на ум следниве препораки и подготвено да ја дочекате промената.

**Направете го вашиот *Timeline* приватен** – Од поставките за приватност кликнете на **How You Connect** и опциите **Who can post on your timeline?, Who can see what others post on your timeline?** и **Who can see posts you've been tagged in on your timeline?** поставете ги на **Friends**.

Откако ќе завршите со претходното, ограничете ја видливоста на вашите минати објави кои во даден момент сте ги направиле јавни. Кликнете на **Manage Past Post Visibility** во делот **Limit the Audience for Past Posts** и изберете **Limit Old Posts** со што сите ваши јавни објави автоматски ќе станат видливи само за вашите пријатели.

**Скријте ги старите објави** – Ова може да ви одземе многу време, но ако ви е важно што ќе мислат колегите за вас доколку наидат на некоја ваша фотографија од 2007, тогаш подобро да се посветите на „чистење". Разгледајте ја секоја објава поединечно и сокријте ја доколку е несоодветна за да биде видлива на вашиот *Timeline*. Доколку сакате да бидете сигурни дека некоја објава засекогаш ќе биде избришана, во тој случај изберете **Delete**…




Криењето од вашиот *Timeline* ќе ве спаси од прикажување на содржини кои можат да ве засрамат и да ве стават во незгодна ситуација, но тоа не значи дека не можат да се вратат и да ве прогонуваат при следниот редизајн на Фејсбук.

**Избришете ги вашите објави од туѓите профили** – Не можете да имате контрола врз она што го објавувате на туѓите профили. Доколку сакате да пребарате низ минатото и да се осигурате дека таму нема докази за вашиот „минат живот", кликнете на **Activity Log** и потоа од паѓачката листа **All** во десниот агол изберете **Your Post**. Ова ќе ви овозможи приказ на сите белешки и линкови кои сте ги поставиле на туѓите ѕидови, како и да ги избришете. Овие објави не можете едноставно да ги скриете бидејќи тие се наоѓаат на туѓи профили, па нивните сопственици ја имаат целосната контрола врз нив.

**Редовно проверувајте што имате споделено** – Имајте навика да проверувате што имате споделено на вашиот *Timeline* на секои 2-3 недели и соодветно сокријте ја или ограничете ја видливоста за одредени постови. Додека го правите ова, погледнете и како изгледа вашиот профил за останатите (кликнете десно од **Activity Log**, изберете **View as**… и впишете некое име или изберете public за да видите како ви изгледа профилот и за оние кои не се во кругот на вашите пријатели).



# РАБОТИ КОИ ТРЕБА ДА ГИ ЗНАЕТЕ!

- Фејсбук добива известување секогаш кога ќе посетите веб-сајт кој има копче *Like*, дури и кога нема да кликнете на копчето, не сте логирани или не сте корисник на Фејсбук.

- Дури и ако го ограничите пристапот на вашите информации да бидат видливи само за вашите пријатели, некој од нив може да користи апликација со која може да дозволи пренос на вашите податоци на трети страни без ваше знаење.

- Откако ќе го избришете вашиот профил, за кој е потребен еден месец, некои информации можат да останат на компјутерите на Фејсбук до 90 дена.

- Споделувањето информации со пријателите на вашите пријатели може нив да ги изложи до илјадници непознати луѓе.

- Вашето име и профил-слика се јавни. Доколку сакате да го сокриете вашиот идентитет, не користете слика која ве идентификува. Други информации кои добиваат третман на јавни се мрежите во кои се поврзувате, вашето корисничко име и веб-адреса.

- Со деактивирање на вашиот профил, Фејсбук и понатаму ги чува сите ваши информации, само го прави профилот привремено недостапен. Бришењето на профилот ќе го направи недостапен засекогаш.

- Она што ќе одлучите да го споделите јавно, го споделувате со целата јавност која има пристап до Интернет, не само со оние кои се на Фејсбук.

- Постојат објави кои секогаш се објавуваат како јавни. Доколку немате можност да изберете со кого да споделите нешто, треба да претпоставите дека тоа ќе се сподели со целата јавност.

- Она што другите го споделуваат за вас не е во ваша контрола. Други луѓе можат да одлучат да ги споделат нивните информации јавно, но ако споделат нешто за вас, контролата е во нивни раце.

- Кога ќе поставите таг за некој ваш пријател во вашата објава, тој и сите негови пријатели ќе можат да ја видат конкретната содржина, без разлика со која публика вие сте одредиле да го направите споделувањето. Истото важи и кога ќе одобрите таг што некој друг го поставил за вас.

- Размислувајте пред да објавите што било. Како и сè друго на интернет, содржините кои еднаш ќе се објават можат да се копираат и да се реобјават од страна на други корисници.

- Кога коментирате или стискате *Like* на туѓа објава, личноста која ја поставила објавата ја одредува својата публика.

- Доколку сте означени со таг во рамките на ограничена група, само членовите на таа група ќе можат да го видат тагот.

- Ако ги споделувате вашите контакт-информации како имејл-адресата и телефонскиот број со вашите пријатели, тие можат да ги синхронизираат овие податоци со трети апликации, како оние на нивните мобилни телефони.

- Фејсбук-страниците се јавни. Кога оставате коментар или *Like* на нивните содржини, тоа е видливо за сите.

- Она што го прочитавте во овој водич важи за актуелните поставки за приватност на Фејсбук (мај, 2012). Тие повторно ќе се сменат и вие повторно ќе треба одново да им се посветите.

## Корисни линкови:

**http://www.facebook.com/full_data_use_policy**

- долго четиво, но претставува целосен преглед на начинот на кој Фејсбук ги користи податоците на корисниците

**https://www.facebook.com/safety**

- безбедносни совети и алатки за тинејџери, родители и наставници

**http://www.hildenoaks.co.uk/suggested-facebook-privacy-settings.php**

- чекор по чекор водич за заштита на приватноста на Фејсбук, кој се ажурира при секоја промена во поставките за приватност

**http://www.facebook.com/about/sharing**

- кратко упатство за споделување на Фејсбук + видео

**http://www.facebook.com/about/tagging**

- кратко упатство за користење и отстранување тагови

**http://epic.org/privacy/facebook**

- вести, алатки и насоки за заштита на приватноста на Фејсбук

Издавач:

МЕТАМОРФОЗИС

За издавачот: **Бардил Јашари**

Автор: **Ирина Шумадиева**

Лектура: **Марија Костовска**

Графичка обработка: **Бригада дизајн**

Авторот и фондацијата „Метаморфозис“ се сопственици на авторските права врз текстовите објавени во овој водич.

CC BY NC ND

Во дигитална форма содржините се објавени под лиценцата Криејтив комонс-Наведи извор-Сподели под исти услови 2.5 Македонија
http://creativecommons.org/licenses/by-sa/2.5/mk

„Метаморфозис“ е независна, непартиска и непрофитна фондација со седиште во Скопје, Република Македонија. Мисијата на „Метаморфозис“ е да придонесе за развој на демократијата и подобрување на квалитетот на живеење преку иновативна примена и ширење на знаењето. Нејзини главни вредности се отвореност, еднаквост и слобода.

Адреса за контакт:
„Метаморфозис“

ул. „Апостол Гусларот“ бр. 40
1000 Скопје, Македонија
тел/факс: +389 2 3109 325
е-пошта: info@metamorphosis.org.mk
веб-сајт: www.metamorphosis.org.mk

Ова издание е поддржано од Фондацијата отворено општество – Македонија во рамки на проектот „Како до приватност на интернет?“.

20 години FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека
“Св. Климент Охридски”, Скопје

342.738.037:004.773.6/.7(036)

ШУМАДИЕВА, Ирина
Како да си ја заштитиме приватноста на фејсбук?/ [автор Ирина Шумадиева]. - Скопје: Фондација Метаморфозис, 2012. - 16 стр.: илустр.; 30 см. - (Водич за ИКТ на Метаморфозис; бр. 8)

ISBN 978-608-4564-33-1

а) Право на приватност на фејсбук - Заштита - Водичи

COBISS.MK-ID 91415050